**Општина Прилеп**
Lokalna samouprava

**Municipality of Prilep**
Local self-government

**ПРИЛЕП,**
**Наш број: 10-948/3**
**од 31.08.2026 год.**

Врз основа на член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25 и 134/26), Општина Прилеп објавува:

**ОГЛАС за ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ на**
**Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација, за градежни парцели ГП 241, 242, 243, од ДУП за УАЕ бр.17-А, донесен со одлука бр.02-3405/1 од 19.07.1989 год.**

Во согласност со Член 63, став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Комисијата за урбанизам на Општина Прилеп, формирана од Градоначалникот на Општината со Решение бр.08-1499/3 од 07.04.2026 година, достави Известување со бр.10-948/2 од 24.08.2026 година до непосредните соседи од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат, вкупно 6 препорачани пратки со доставници.

Во согласност со Член 63, став (11) од истиот Законот, 4 доставници се вратија во Општината со доказ за извршен прием, а 2 се вратија со доказ за неизвршен прием на препорачаната пратка и врз основа на таквата фактографија ги известуваме непосредните соседи од соседните градежни парцели, односно останатите сопственици во проектниот опфат што не се баратели на предметната промена на градежните парцели 241, 242 и 243 од ДУП за УАЕ бр.17-А“, Општина Прилеп, за намерата на барателот за спојување на трите градежни парцели во една и можноста за поднесување приговор на Проектната програма со скица на предлог-планот за парцелација и новата диспозиција на површината за изградба.

Предметниот проектен опфат во кој се наоѓаат ГП241, 242, 243, е дефиниран со претходно одобрена планска документација – Детален Урбанистички План за УАЕ бр.17-А, донесен со одлука бр.02-3405/1 од 19.07.1989 год.

**Јавното излагање ќе се одржи во просториите на Општина Прилеп, во приемното одделение, на ул.”Прилепски бранители” бр.1 на 03.09.2026 година до 09:30 до 11:30 часот и во закажаниот термин заинтересираните физички и правни лица можат да достават приговори на Проектната програма.**

Огласот за организирање на јавно излагање на цитираната Проектна програма ќе се објави на web страната на Општина Прилеп https://www.prilep.gov.mk/ и во информацискиот систем е-урбанизам.

Раководител на Сектор за урбанизам,
Комунални работи и заштита на животната средина
Илија Беличоски д.и.а.

Ilija Belichoski
Digitally signed by Ilija Belichoski
Date: 2026.08.31 08:33:14 +02'00'

ул. „Прилепски Бранители“ бр.1. Прилеп тел.: (0) 48 401 701 факс.: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk web: www.prilep.gov.mk